РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 06-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 105/1 | | |

945

**До: Општина Битола**
**Сектор за спроведување на урбанистички планови**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-мајл)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Основен проект – фаза Архитектура кој е одобрен при изградба/реконструкција на индивидуална стабнена зграда на ул. ул. Сремска Митровица 16 КП 2739 КО Битола 4 и управен акт – одобрение за градба/решение за реконструкција на истата.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис – се преферира, но се прифаќа и било кој друг тип на достава на записот
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго – во архива

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во 06.09.2024 година**

(доколку бара[redacted] хартиена форма)

ул.

[redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за спроведување на урбанистички планови

Бр.11-105/2
11.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-105/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
[illegible]
11.09.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Одделение за спроведување на урбанистички планови**

Бр. 11-105/2 од 16.09.2024г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 105/3 | | |

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на **Барање за пристап до информации од јавен карактер**

:

Ве информираме дека Општина Битола за конкретната градежна парцела на КП 2739, КО Битола 4 согласно ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел“, Битола и согласно доставениот основен проект на име Сафер Бајрамов издаде Одобрение за градење УП1 бр. 30-97/2018г од 12.07.2018г. и согласно законската процедура член 62-а од Законот за градење на ден 20.07.2018г на Вас и Вашето семејство како непосредни соседи им беше доставена покана за увид во проектната документација (прилог копија), по која не дојдовте за увид и пристап до проектната документација во законскиот предвиден рок од 15 дена по приемот на поканата.

Согласно Законот за градење и Правилникот „за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин“ (Сл.В. на РМ бр. 80 од 2013г) не е дозволено печатење на основниот проект и негова дистрибуција, односно секоја активност потребно е да се одвива во информацискиот систем Е-одобрение, па затоа Ве покануваме на увид на истиот во просториите на Општина Битола секој работен ден, а Ви доставуваме копија од издаденото Одобрение за градење и копија од Изводот од ДУП.

Со почит,

**В.д. Раководител на Одд:**
Љубица Мигуловска, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
11

Решение УП1 бр. 30-97/2018
Од 12.07.2018
стано правосилно
на 09.08.2018
Дост. ... 13.08.2018
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Општина БИТОЛА**
**УП 1 бр. 30-97/2018**
**12.07.2018 год.**
**БИТОЛА**

Градоначалникот на Општина БИТОЛА, решавајќи по барањето на инвеститорот Сафер Бајрамов од Битола ул. „Сремска Митровица" бр. 35-б, поднесено под УП 1 бр. 30-97/2018 од 21.05.2018 год. за издавање на Одобрение за градење за изградба на индивидуална станбена зграда по претходно рушење на постоечкиот објект - објект од (II) втора категорија, врз основа на член 58, став (2) а во согласност со член 59 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 64/18), го издава следното:

# ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот Сафер Бајрамов од Битола ул. „Сремска Митровица" бр. 35-б, му се одобрува изградба на индивидуална станбена зграда по претходно рушење на постоечкиот објект - објект од (II) втора категорија во Битола ул. „Сремска Митровица" бр. 16 КП бр. 2739 КО Битола 4 согласно основен проект со тех. бр. 04/18- 02П од Февруари 2018 год. изработен од ДООЕЛ „ПУМС ИНЖИНЕРИНГ" Битола

Одобрението за градење се издава за цела градба

Инвеститорот може да ја започни градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Се задолжува инвеститорот веднаш по правосилноста на ова одобрение истото со заверениот основен проект со тех. бр. 04/18- 02П од Февруари 2018 год. преку овој орган да го достави до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности заради прибележување и предбележување на градбата во јавна книга на недвижности

Доколку при реализација на градбата се јави потреба од дислокација на постоечка инсталација (подземна или надземна) инвеститорот е должен да ја изведи на свој трошок.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почнале со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Инвеститорот е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до овој орган, градежна инспекција и инпекција на трудот, пред започнувањето на градбата

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот Сафер Бајрамов од Битола ул. „Сремска Митровица" бр. 35-б, поднесе барање УП 1 бр. 30-56/2018 од 27.03.2018 год. за издавање на Одобрение за градење за изградба на индивидуална станбена зграда по претходно рушење на постоечкиот објект - објект од (II) втора категорија во Битола ул. „Сремска Митровица" бр. 16 КП бр. 2739 КО Битола 4

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1.Извод од ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел" – Битола под бр. 30-2169 од 31.10.2017 год. издаден од Општина Битола Одделение за спроведување на урбанистички планови

2.Основен проект со тех. бр. 04/18- 02П од Февруари 2018 год. изработен од ДООЕЛ „ПУМС ИНЖИНЕРИНГ“ Битола

3.Доказ за право на градење
-Имотен лист бр. 37895 издаден под бр. 1105-367/2018 од 09.01.2018 год.

4.Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште бр. 08-07/4-18 изработен од ДОО „ТЕРА ГЕОДЕТ“ Битола,

5.Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во износ од 1500.00 ден. од 18.05.2018 год. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси

6.Мислење бр. 0807-756/4 од 11.05.2018 год. издадено од Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје

7.Конзерваторско мислење бр. 08-201/4 од 07.05.2018 издадено од НУ „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“ Битола

8. Потврда и Елаборат за енергетска ефикасност со тех. бр. 01/18- 02П од Мај 2018 изработен од ДООЕЛ „3Д ВИЗИЈА ИНЖЕНЕРИНГ“ Битола

9.Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште - Договор за уредување на градежно земјиште бр. 30-97-3 од 13.06.2018 год. и потврда бр. 30-97-2 од 13.06.2018 год. со вредност од 171.939,00 ден.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
-Записник за исполнети хидротехнички услови бр. 08-12/46 од 01.06.2018 год. изработен од ЈКП „Водовод“ Битола
-Записник бр. 08-409/2 од 04.06.2018 год. изработен од КЈП „Нискоградба“ Битола
-Мислење бр. 11-1213/2 од 05.06.2018 год. издадено од ЕВН „Македонија“ АД Скопје КЕЦ Битола

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Изјавената жалба да се достави во електронска форма во системот Е- одобрение за градење

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.

Постапата ја водел:
**Лупчо Лазаровски дип. град. инж.**

Makedonski Telekom CA, Ljupche Lazarovski

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Ljupche Lazarovski
Date: 2018.08.13 15:05:58 +02'00'

Контролирал:
**Михајло Илиевски дип. правник**

Раководител на одделение:
**Весна Јурак дип. инж. арх**

**Градоначалник**

**М-р Наташа Петровска**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
Сафер Бајрамов

**ПУМС ИНЖИНЕРИНГ – БИТОЛА**
Друштво за проектирање, производство и трговија
Татјана ПУМС Инжинеринг увоз-извоз Битола ДООЕЛ
ул.Владимир Назор бр.4 –Битола
тел. 047-520-769
e-mail: tatjanajosifovska@yahoo.com

Фаза А

Проектант:

ТАТЈАНА ЈОСИФОВСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
А.1.
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0276

TATJANA JOSIFOVSKA
Digitally signed by TATJANA JOSIFOVSKA
DN: O=PUMS-INGENEERING DOOEL BITOLA, C=MK, E=tatjanajosifovska@yahoo.com, SN=JOSIFOVSKA, G=TATJANA, CN=TATJANA JOSIFOVSKA
Reason: PROEKTANT
Location:
Date: 2018.05.01 19:27:04 +01'00'

Фаза ВК

Фаза Г

Фаза Е

Фаза М

Фаза ППЗ

ДОКУМЕНТ : **ОСНОВЕН ПРОЕКТ**

ФАЗА: **- АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ -**

| | |
|---|---|
| ПРЕДМЕТ : | **ИЗГРАДБА НА ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ЗГРАДА,<br>ПО ПРЕТХОДНО РУШЕЊЕ НА ПОСТОЕН СТАНБЕН ОБЈЕКТ** |
| ЛОКАЦИЈА: | **ул. "Сремска Митровица" бр.16 – Битола<br>КО.Битола 4, КП.бр.2739** |
| ИНВЕСТИТОР: | **САФЕР БАЈРАМОВ<br>ул. "Сремска Митровица" бр.35 Б – Битола** |

| | | |
|---|---|---|
| Дата : | **Февруари, 2018г.** | **Тех.број: 04/18 – 02П** |
| | Друштво за проектирање, производство и трговија "ПУМС-ИНЖИНЕРИНГ" увоз-извоз Битола ДООЕЛ | **Управител:**<br>**Татјана Јосифовска, дипл.инж.арх.**<br>TATJANA JOSIFOVSKA<br>Digitally signed by TATJANA JOSIFOVSKA<br>DN: O=PUMS-INGENEERING DOOEL BITOLA, C=MK, E=tatjanajosifovska@yahoo.com, SN=JOSIFOVSKA, G=TATJANA, CN=TATJANA JOSIFOVSKA<br>Reason: UPRAVITEL<br>Location:<br>Date: 2018.05.01 19:27:36 +01'00' |

**ОПШТИНА БИТОЛА**

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**- Одделение за спроведување на урбанистички планови**

УП бр. 30-97/2018
19.07.2018 год.
Битола

**ДО**
**Пецо Котевски**
**ул. „Сремска Митровица“ бр. 14-а**
**Битола**

**Известување:**
**Почитувани**

Согласно член 62-а став 1 и 2 од Законот за градење („Службен веник на РМ бр. 39/2012 и 144/2012 ) Ве известуваме како непосредни сопственици на градежна парцела **во Битола на ул.„Сремска Митровица“ бр. 16 КП бр. 2739 КО Битола 4 за ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел“ Битола дека е издаено Одобрение за градење за изградба на индивидуална станбена зграда по претходно рушење на постоечкиот објект под УП бр. 30-97/2018 од 12.07.2018 на инвеститорот Сефер Бајрамов**

Имате можност за увид во документацијата во рок од 15 дена од приемот

*Со почит,*

Одделение за спроведување на урбанистички планови

**Лупчо Лазаровски дип. град. инж.**

сода 14

# ПОВРАТНИЦА

(Жиг на поштата)

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Ознака на списот
Бр. УП. Бр 30-97/2018 од 19.07.2018
Назив на актот што се доставува
Известување
Број на прилозите
Предавање на пошта Пецо Котевски
на адреса Сремска Митровица бр. 14-а
Битола

Забелешка на испраќачот ______________________________

Потврдувам дека денес на 20.07 20 15 година ја примив пратката

означена на предната страна(примачот сам со букви го испишува денот на прием)

Примач

Доставувач

1) Со оглед на тоа дека лицето не е затекнато на местото каде доставувањето требаше да се изврши, доставувањето е извршено со предавањето на писменото на возрасниот член на домаќинството на примачот, настојник на зградата, соседот или лице кое работи на исто работно место.

2) Со оглед на тоа дека лицето до кое е упатено писменото односно возрасниот член на неговото Домаќинство,односно овластеното лице на државниот орган на претпријатие или на друго правно лице,одбијат без-законска причина да го примат писменото,писменото е оставено во станот - просториите каде односно лице работи-прикачено на вратата од станот или просторијата.

Ако примачот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот тоа ќе го забележи на доставницата и ќе го испише со букви денот на предавањето, и со тоа се смета дека предавањето е извршено.

во__________ часот ______________________

Причина за одбивање на приемот

______________________________

Потпис на доставувачот

______________________________

Забелешка на доставувачот во случај на недостасување

______________________________

Напомена на доставувачот ______________________________

Образец ОУП - 22 (точка 1. Алинеа 22 од УПАТСТВО за обрасците во управната постапка)
- Повратница

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

*Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште*

*- Одделение за спроведување на урбанистички планови*

Број: 30-2169 од 31.10.2017 год.

**ДУП: за „Централно градско подрачлје 1 дел„ – Битола**

- и Одредбите за спроведување на измените и дополнувањата на ДУП за Станбена заедница „Девеани„ кој се однесуваат и на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел„ („Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 3/94)

**Одлука бр: 08-58/98 од 17.11.1985 год.**

**Намена на градба: Индивидуална станбена зграда**

**ул. „Сремска Митровица „ бр. 16**
**К.О. Битола 4 К.П. бр. 2739**
**М 1:1000**

**ИЗВОДОТ ЗА КП бр. 2739 КО Битола 4 ул. „Сремска Митровица „ бр. 16 – Битола**

**СОДРЖИ:**

**1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

*** Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:**
- **легенда**
- **табела со билансни показатели**

*** По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда:**

**2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

*** Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

*** По потреба и заверена копија од други услови;**

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил

**Кочо Петровски геод.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Одделение за спроведување на урбанистички планови
**РАКОВОДИТЕЛ**

**Весна Јурак,** *дипл. инж. арх.*

## ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| ▪ Намена на градбата: | * Индивидуална станбена зграда. |
| ▪ **Максимална дозволена височина до венец слеме:** | * Максимална дозволена височина од нивото на заштитниот тротоар до венец изнесува 8.30м1 - спрема ДУП – П+1 и тоа приземје на мах. 2.50 м1. согласно со член 7 од Одредбите за спроведување на измените и дополнувањата на ДУП за Станбена заедница „Девеани„ – Битола и најмала висина на кат 2.90 м1. |
| ▪ **Сообраќајни услови:** | * Паркирањето да се реши во рамките на градежната парцела |

***Напомена:***

* Услови за приклучок на водоводна и канализациона мрежа да се прибави од ЈКП „Водовод„ – Битола и КЈП „Нискоградба„ – Битола, со апсолутна висинска кота на дно на улична шахта за приклучоци, а услови за приклучок на електро мрежа да се прибави од „Електро Битола„ – Битола.

* **Објект во Контактна зона „БАИР„ - Битола**, согласно **Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење** („Сл. Весник на РМ„ бр. 169/2015).

* **Според член 75-б од Законот за заштита на културно наследство („Сл. Весник на РМ„ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15 и 39/16) мерки на непосредна заштита на градба во состав на Контактна зона на заштитено добро се врши врз основа на конзерваторско мислење од Надлежна јавна установа за заштита на недвижно културно наследство.**

* За добивање на Одобрение за градење, барателот е должен да достави потребна документација врз основа на член 59 од Законот за градење („Сл. весник на РМ„ бр. 70/2013; 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016), а согласно со чл. 57 и 58 од истиот закон, а постапката се спроведува согласно **Правилник за начинот на спроведување на постапката за добивање на Одобрение за градење на електронски начин** („Сл. весник на РМ„ бр. 80/2013, 89/2013, 150/2013)

* Основниот проект се работи согласно со член 47 од Законот за градење.

- При изработка на проектната документација задолжително да се постапи согласно член 11, 11-а , 11-б и 11-в од Законот за градење.
- **Инвеститорот треба да биди сопственик на цела градежна парцела.**

*Доставено до:*

- Барател
- Архива

РЕПУБЛИКА М... ОПШТИН...

Намена и катност на објектите



ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-105/4
16.09.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **06.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-105** од **06.09.2024 година**, каде бара информација за Основен проект-фаза Архитектура кој е одобрен при изградба/реконструкција на индивидуална станбена зграда на ул.Сремска Митровица 16 КП 2739 КО Битола 4 и управен акт-одобрение за градба/решение за реконструкција на истата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-105 на ден 06.09.2024 година. Во барањето наведе дека каде бара информација за Основен проект-фаза Архитектура кој е одобрен при изградба/реконструкција на индивидуална станбена зграда на ул.Сремска Митровица 16 КП 2739 КО Битола 4 и управен акт-одобрение за градба/решение за реконструкција на истата.Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-105/1 од 06.09.2024.
2.Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-105/2 од 11.09.2024.
3. Одговор од Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр.11-105/3 од 16.09.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 16.09.2024 година, под бр. 11-105/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА